



Скопје, 2020






Правила на однесување

Правила за должностите и однесувањето на учениците

Улогата и задачите на дежурните ученици на влезот и ходникот на училиштето

Правила на колективниот живот

# ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

## Основни норми и начела

- Воспитанието и образованието се приоритет на секој ученик.

## Ликот на ученикот

**Ученикот треба:**

- да се стреми кон постигнување на подобри резултати во наставата;
- да се ангажира во воннаставните активности согласно своите можности и интереси;
- да биде објективен, коректен и одговорен во однесувањето;
- да ги почитува законските одредби во училиштето;
- да не пуши цигари, не користи алкохол и дрога во училиштето.

## Ученикот и учењето

**Ученикот треба:**

- да пројавува интерес за учење;
- да развива способност и навика за учење;
- да стекнува вештини за лично надоградување и организирање на слободното време.



# ПРАВИЛА НА КОЛЕКТИВЕН ЖИВОТ

## Ученикот и семејството

**Ученикот треба:**

- редовно да ги информира своите родители за постигнатите успеси и неуспеси;
- редовно да ги информира родителите за денот на родителиските средби, отворените денови во училиштето и сите активности што се на релација: училиште-ученик-родител;
- да ги почитува укажувањата на родителите.

## Ученикот и училишните служби

- ученикот има право да побара помош од директорот, одделенските раководители/раководителите на паралелките,предметните наставници и стручните соработници;
- доколку ученикот свесно не ги почитува овие начела и принципи, кон него ќе се превземаат соодветни педагошки мерки.



# ПРАВИЛА НА КОЛЕКТИВЕН ЖИВОТ

## Меѓусебен однос на учениците

**Ученикот се обврзува:**

- да ги почитува соучениците и учениците од училиштето;
- да соработува со другите ученици;
- да почитува и гради другарство;
- да биде толерантен и да им помага на другите;
- да пренесува знаење на другите.

## Ученикот и училиштето

**Ученикот треба:**

- да ја почитува личноста на вработените;
- коректно да се однесува кон сите;
- да има одговорен однос кон училишниот инвентар и другите материјални добра;
- да ги почитува укажувањата на вработените во училиштето;
- да го почитува Куќниот ред на училиштето;
- дежурните ученици на училишната врата да ги извршуваат дадените обврски;
- задолжително да ги почитува здравствените протоколи што се донесени од одредени институции.



# ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

## Ученикот и наставниот час

**Ученикот треба:**

- навреме и редовно да доаѓа на настава;
- задолжително да присуствува на часовите;
- за секое отсуство да приложи писмено или усно оправдување од родителот или старател;
- да придонесува за создавање на позитивна атмосфера на часот;
- активно да се ангажира на часот;
- за време на часот мобилните телефони се исклучени.

## Ученикот и безбедноста

**Ученикот треба:**

- при движење во училиштето, задолжително ги следи поставените насоки за движење;
- при престој и движење во училиштето, одржува безбедно растојание од другите како превентивна мерка за заштита на своето здравје;

**Ученикот не смее:**

- да носи на училиште ладно или огнено оружје и експлозивни направи;
- да се доведе во ситуација да го загрози личниот живот и животот на другите во училиштето;
- за безбедноста на личните предмети ја сноси одговорноста.
-

# Правила за должностите и однесувањето на учениците

1. Учениците се должни да доаѓаат 10 минути пред почетокот на наставата.

2. По завршувањето на наставниот час грижата за училницата-кабинетот ја преземаат дежурните ученици.

3. За време на одморите учениците не смеат да се задржуваат во ходниците, туку во зависност од должината на одморот и временските услови се задржуваат во училишниот двор или училницата-кабинетот по укажување на дежурните наставнци.

4. Забрането е учениците да ја попречуваат наставата, а оние што задоцниле не остануваат во ходникот или дворот, туку влегуваат во училницата.

5. Учениците се должни да го почитуваат распоредот на седење предложен од одделенскиот наставник или предметниот наставник.

6. Украсувањето и уредувањето на училниците и кабинетите е во согласност со критериумите изработени од страна на училиштето.

7. Имаат должност редовно да ја одржуваат личната хигиена со почесто миење на рацете или употреба на дезинфекциски средства за раце.

8. Отпадоците задолжително ги фрлаат во корпите за отпадоци поставени во училишната зграда и во училишниот двор.

9. Имаат обврска да го чуваат инвентарот во училиштето, нагледните средства, кабинетскиот прибор, компјутерите и училишните книги.

10. Со личен пример треба да придонесуваат во градењето на другарството во паралелката и училиштето.

11. Забрането е предизвикување и јавното навредување, заканување и физичка пресметка на релација ученик-ученик и ученик-наставник (вработен).

12. Строго е забрането индивидуално и групно доцнење и самоволно напуштање на часови кое е организирано или неорганизирано.

13. Оние ученици кои принудуваат други или пак самите пушат цигари, употребуваат алкохол и наркотични средства во училиштето ќе бидат најстрого казнети.

14. Се забранува внесување на запалливи и експлозивни средства со кои се загрозува безбедноста на училиштето, учениците и вработените.

15. На учениците не им е дозволена дискриминација заснована на: пол, раса, национална припадност, социјално потекло и верско убедување.

16. На учениците им е забранета злоупотребата на половите разлики.

**За непочитување на ПРАВИЛАТА следуваат соодветни педагошки мерки.**



# Улогата и задачите на дежурните ученици на влезот и ходникот на училиштето

1. Дежурството на учениците во означениот ден е во време од 7:30 до 12:30 за претпладневната смена и за попладневната смена од 13:00 до 18:30 часот.

2. Секоја промена треба да биде во согласност со одделенскиот раководител/ раководителот на паралелката, директорот или педагошко-психолошката служба.

3. На часовите кога се работи писмена или контролна работа или по потреба на некој друг час, дежурните ученици присуствуваат на часот и се заменуваат со ученици од следното одделение.

4. Ако има потреба од таква замена, учениците ја пријавуваат до одделенскиот раководител/раководителот на паралелката, директорот или педагошко-психолошката служба.

5. Забелешките од дежурството се вршат во тетратка за дежурство.

6. Задача на дежурните ученици е да ги пријавуваат и да ја воспостават врската на лицето кое доаѓа однадвор по некоја потреба со вработените во училиштето.

7. Обврска на дежурните ученици е да извршуваат евидентирање на лицата коишто доаѓаат однадвор и да ги спроведат до потребното место или бараното лице.

8. Доколку бидат забележани некои непожелни инциденти и состојби од страна на учениците или други лица, задолжително треба да бидат пријавени кај дежурниот наставник или стручната служба.

9. Влезната врата треба да биде постојано затворена за време на часовите, а по потреба да се отвора.

10. Да се извршуваат задолженија само во рамките на училишните потреби;

11. Тетратката за дежурство да се чува уредно од непотребни забележувања, отстранување на листови и оштетување. Секое непотребно оштетување ќе се казнува.

12. Дежурните ученици треба на крајот од своето дежурство уредно да го потпишат списокот. Постапката се повторува секој ден на секое дежурство.

13. Секоја повреда и неодговорност кон обврските на дежурните ученици повлекува предагошка мерка.